# ВО ТЕК Е ПОТПИШУВАЊЕТО НА ДОГОВОРИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2012 ГОДИНА

Во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во тек е склучувањето на договори за кофинансирање на инвестиции во земјоделска механизација со земјоделците кои ги исполнија критериумите од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2012 година за мерката 1.4 Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства.



Со објавување на јавниот повик за доставување на барања за користење на средства од оваа програма, во ноември 2012 година, до Агенцијата беа доставени над 1500 барања за финансиска поддршка за инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства во секторот лозарство, овоштарство, житни култури и индустриски култури.

Интересот за мерките од годишните програми за рурален развој е голем во континуитет и најголем дел од поднесените барања се однесуваат на набавката на трактори, приклучна земјоделска механизација и опрема.

По сектори, интересот за инвестиции предничи во секторот производство на житни кулутри, овоштарство и индустриски култури.

Најголем број од барателите се индивидуални земјоделски производители, а зголемен интерес континуирано се забележува и кај правните лица кои исто така се опфатени со програмата.



Согласно критериумите од програмата, за кофинансирање на инвестиции во мерката 1.4 Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства, ќе бидат опфатени вкупно 204 корисници- физички и правни лица.

Вкупната вредност на инвестициите за кои се склучуваат договорите за кофинансирање изнесува околу 130 милиони денари или вкупна вредност на финансиска поддршка од над 68 милиони денари.



Со Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој се овозможија инвестиции под бенифицирани услови во повеќе сектори во земјоделското производство.

Во секторот лозарство се склучуваат договори за кофинансирање на набавка на земјоделска механизација со 86 земјоделски стопанства во вредност од над 23 мил. денари. Во секторот овоштарство се склучуваат договори со 64 земјоделски стопанства во вредност од над 21 мил. денари, 36 договори во вредност од 15 мил.денари со земјоделци кои произведуваат житни култури и 18 договори во вредност од 8 мил.денари со земјоделски стопанства кои произведуваат индустриски култури.

Од вкупната вредност на потпишаните договори најголем дел опфаќаат набавка на нови трактори и тоа од вкупните 204 договори 175 се за набавка на нови трактори.